КАМ доо е најголем синџир на маркети во Македонија кој ги применува основните принципи на хард дисконт: Висок квалитет и постојано ниски цени. Присутни сме во три земји со повеќе од 100 продавници, а успехот на компанијата го обезбедуваат 1.200 вработени кои посветено и професионално ја извршуваат својата работа.

Бараме амбициозни вработени и нудиме возбудливи задачи и проекти во динамична и интернационална средина, и со цел проширување на тимот во **Сектор Набавка**, бараме личност која ќе се придружи на нашиот тим на позиција:

## Соработник во набавка овошје и зеленчук

**Ваши задачи:**

- Секојдневна набавка на овошје и зеленчук за потребите на КАМ маркетите
- Преговори со постоечки и обезбедување на нови добавувачи на овошје и зеленчук
- Организирање на производство за потребите на КАМ со коопераnти, индивидуални земјоделци, задруги, земј.стопанства, фирми за земј.производство
- Посета на добавувачите и посета на производни површини
- Посета, совети и контрола на производство во Богданци
- Посета на кванташки пазари и пазари на големо со овошје и зеленчук во регионот - Србија, Бугарија, Грција, Албанија
- Предлози за проширување на асортиманот, подобрување на квалитетот, пакување на производите

**Потребни квалификации:**

- Високо образование (Земјоделски факултет-технолог за храна, градинарска насока или општа насока)
- Најмалку 3-5 год работно искуство во продажба, предност искуство во работа со овошје и зеленчук
- Познавање прехрамбени производи и познавање на правилници од областа ќе се смета за предност
- Доверливост, аналитичност, педантност и точност. Мотивирани, добро организирани со развиено чувство за координирање на трошоци и економичност,
- Одлично познавање на англиски јазик, а за предност ке се смета познавање на германски јазик,
- Познавање на МС Офис,
- Возачка дозвола –Б категорија.

**Ние Ви нудиме:**

- Предвидена атрактивна плата + дополнителен бонус, зависно од успешноста во извршувањето на работните задачи;
- Обемно воведување во работата со обука која ветува напредок и успех во работата. Интензивно ќе бидете обучувани од ментор и ќе се запознаете со инструменти кои подоцна ќе Ви бидат потребни при самостојно извршувањето на Вашите деловни задачи
- Регрес,речиси 3 пати поголем од законски пропишаниот
- Бонус за препорачан пријател за работа
- Слободен ден за роденден
- Платено колективно осигурување
- Ваучер за склучен брак
- Ваучер за спортска опрема
- Картичка за спорт
- Пакет за новороденче
- Училишен пакет производи
- Пакет производи за верски празници согласно вероисповест
- Попуст за одмор во хотелот „Вилиџ“ во Охрид
- Работа во интернационална компанија, динамично работење исполнето со новипредизвици и можности за стекнување нови искуства, вештини и напредување во кариерата.

Доколку сте во потрага за нови професионални предизвици, мотивирани и подготвени за нови успеси, испратете персонална биографија (CV) на следната адреса: КАМ ДОО Персонален оддел ул. 35 бр.39, 1041 Илинден или на E-mail: **personal**@kam.mk

Апликација за работа можете да испратите и преку нашата интернет страница

web: www.kam.com.mk

Изборот ќе се изврши во рок од 15 или 30 дена во зависност од бројот на пристигнати апликации.
Само кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе влезат во потесниот избор и ќе бидат контактирани.